ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ А.Д.

Врз основа на член 41 од Законот за хартии од вредност и член 18 од Статутот на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, Одборот на директори на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, се утврдува пречистен текст на[1]

# ПРАВИЛА
# ЗА ОДНЕСУВАЊЕ И ДИСЦИПЛИНА

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

1) Овие Правила го регулираат однесувањето на членките на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје (во натамошниот текст : Депозитар), нивните директори, овластените брокери во однос на почитувањето и спроведувањето на актите на Депозитарот и прописите од областа на работење со хартии од вредност, како и дисциплинските постапки и мерки во случај на непочитување на актите на Депозитарот и прописите од областа на работењето со хартии од вредност.

2) Правните и физички лица од став 1 на овој член кои се санкционирани за повреда на прописите од областа на работењето со хартии од вредност од страна на Комисијата за хартии од вредност, не може да бидат санкционирани од Депозитарот за истата повреда.

### Дефиниции
### Член 2

1) Одделни изрази употребени во овие Правила го имаат следново значење:

членка" подразбира брокерска куќа, банка или подружница на странска брокерска куќа, која како овластен учесник на пазарот на хартии од вредност, има добиено дозвола за работа од Комисијата за хартии од вредност и тргува на овластена берза на хартии од вредност и друштво за управување со инвестициски фондови кое има добиено дозвола за работа од Комисијата за хартии од вредност и кои се примени во членство на Депозитарот;

[1] Пречистениот текст се применува од 24.11.2017 година, а е утврден врз основа на Правила за однесување и дисциплина бр.0101-1605/1 од 18.02.2008 година, Одлука за изменување и дополнување на Правилата за однесување и дисциплина бр.02-6127/5 од 15.11.2017 година.

- "брокер" подразбира директор на членка на Депозитарот, директор и вработените во посебната организациона единица на банката која врши работи со хартии од вредност и/или овластен брокер согласно Правилата за членство на Депозитарот;

- „акти на Депозитарот" се: Статут, Правила за работа, Правилата за членство, Правила за арбитража, Тарифникот за висината на надоместоците на Депозитарот, овие Правила како и сите други одлуки и акти донесени врз основа на наведените акти;

- „лице против кое се води дисциплинска постапка" е членка на Депозитарот и/или брокер за кој постои основано сомнение дека со своето однесување не ги почитувал прописите од областа на пазарот на хартии од вредност и актите на Депозитарот или кај кого се утврдени други неправилности во работењето;

- „прописи од областа на хартии од вредност" го означуваат Законот за хартии од вредност, другите закони во делот што го регулираат работењето со хартии од вредност и подзаконските акти донесени врз основа на овие закони.

(2) За целите на овие правила, освен доколку не е поинаку дефинирано, сите други термини го имаат истото значење како во Законот за хартии од вредност и актите на Депозитарот.

## 2. ОДРЕДБИ ЗА ОДНЕСУВАЊЕ

### 2.1 Одредби кои се однесуваат на членките на Депозитарот кои се берзански посредници

**Одредби за однесување на членка на Депозитарот и/или брокерот**
**Член 3**

(1) Членката на Депозитарот и/или брокерот е должен во рамките на своето работење да ги применува и почитува одредбите од прописите од областа на хартиите од вредност.

(2) Членката на Депозитарот и/или брокерот е должен во рамките на своето работење да ги применува одребите од актите на Депозитарот, согласно саморегулирачкиот статус на Депозитарот.

(3) Членката на Депозитарот и/или брокерот е особено должен во своето работење да ги применува следните начела и принципи на однесување:
- да постапува совесно и професионално во своето работење;
- да се грижи за заштита на интересите на клиентите;
- да ги почитува одредбите од сопствените акти;
- да поддржува високи стандарди на интегритет и фер тргување;
- да постапува со соодветна вештина и внимание;

- да избегнува судир на интереси, а ако дојде до тоа, да обезбеди фер третман на сите клиенти со давање податоци и според интерните правила за доверливост, да се воздржи од делување и да не ги става своите интереси пред интересите на клиентот;

- да воспостави односи на соработка со Комисијата за хартии од вредност и Депозитарот;

- да обезбеди најдобро извршување на налозите на клиентот;

- да не го загрозува јавниот углед на Депозитарот или на неговите членови.

(4) Членката на Депозитарот е особено должна во своето работење да ги применува следните начела и принципи на однесување:

- да обезбедува континуирана едукација на вработените во врска со промените во законската регулатива, актите на Депозитарот и при промени на техниките во работењето на членката;
- да ги организира и да ги контролира своите внатрешни работи на одговорен начин, да води уредна евиденција, да обезбеди сите нејзини вработени да бидат лица со соодветни квалификации и уредно да го надгледува нивното работење во согласност со закон и актите на Депозитарот;

**Однесување во врска со паричните средства на клиентите**

**Член 4**

1) Членката е должна да ги чува на посебна сметка сите парични средства на клиентот дадени на членката за купување на хартии од вредност или парични средства добиени од продажба на хартии од вредност на клиентот.

2) Паричните средства од посебната сметка можат да се употребат само во согласност со инструкциите на клиентот. Членката ги уплаќа паричните средства добиени од продажбата на хартиите од вредност исклучително во име и за сметка на клиентот најдоцна во рок од еден работен ден по приемот на паричните средства од продажбата.

3) Членката особено се грижи:

(а) да не се мешаат паричните средства на клиентот со други парични средства;
(б) во секое време да знае колкав износ на парични средства има клиентот на својата сметка;
(в) Паричните средства на еден клиент да не се користат за сметка на друг клиент.

4) Од паричните средства на клиентот членката не смее да врши плаќања поврзани со склучени трансакции со хартии од вредност во свое име и за своја сметка, како и било какви други плаќања во свое име и за своја сметка.

5) Членката може да повлече парични средства од сметката на клиентот само ако :

(а) Има валидно барање за исплата на/во име на клиентот; или

(б) има валидно барање за исплата на долг, вклучувајќи провизии и надоместоци, што клиентот му ги должи на членот; или

(в) има валидно барање за префрлање на паричните средства на друга сметка на клиентот или на сметка што гласи на клиентот; или

(г) во случај на уплата на парични средства на сметка на клиентот по грешка на брокерот.

6) Членката може да подигне парични средства од сметка на клиентот заради наплата на свои надоместоци или провизии само ако:

а) членката го извести клиентот седум дена однапред за својата намера, и за што обезбеди адекватна потврда за прием на известувањето од страна на клиентот, и ако ги даде потребните детали за сите ставки на предложеното исплаќање, а ако клиентот не ги оспори на било кој начин; и

б) ако надоместоците и провизиите се во согласност со договорот склучен со клиентот; и

в) има писмена согласност од клиентот за сумата што ја наплатува.

**Однесување во врска со финансиското работење на членката**

**Член 5**

1) Членката е должна навремено да ги исполнува пристигнатите финансиски обврски и постојано да ја одржува способноста за исполнување на своите обврски.

2) Без разлика дали тргува во свое име и за своја сметка, или за сметка на клиент, во меѓусебните односи со други членки на Депозитарот членката има статус на принципал и е одговорна за трансакциите склучени за своите клиенти.

3) Членката е одговорна за сите дејствија извршени од нејзините директори и вработени во име на членката, вклучувајќи и склучени договори од наведените лица во име на членката, а во врска со работи со хартии од вредност.

4) Членката одговара за сите трансакции склучени во нејзино име од страна на овластен брокер или вработен, и за извршување на тие трансакции во согласност со актите на Депозитарот.

5) Ако членката оцени дека не е во можност да ги исполни достасаните неплатени обврски, односно да обезбеди минимален износ на потребни ликвидни средства, должна е :

(1) Да ги извести Комисијата за хартии од вредност, овластената Берза каде е членка и Депозитарот во рок од 24 часа од моментот кога ќе стане свесна за своите финансиски проблеми; и

(2) да прекине да врши работи со хартии од вредност.

## 2.2 Одредби кои се однесуваат на членките на Депозитарот кои се друштва за управување со инвестициски фондови

### Член 5-а

(1) Членката на Депозитарот што друштво за управување со инвестициски фондови е должна во рамките на своето работење да ги применува и почитува одредбите од прописите од областа на хартиите од вредност и одребите од актите на Депозитарот, согласно саморегулирачкиот статус на Депозитарот и согласно правата кои ги користи од членството во Депозитарот.

(2) Членката од ставот 1 на овој член е особено должна во своето работење да ги применува следните начела и принципи на однесување:
- да постапува совесно и професионално во своето работење;
- да се грижи за заштита на интересите на клиентите;
- да ги почитува одредбите од сопствените акти;
- да поддржува високи стандарди на интегритет;
- да постапува со соодветна вештина и внимание;
- да избегнува судир на интереси, а ако дојде до тоа, да обезбеди фер третман на сите клиенти со давање податоци и според интерните правила за доверливост, да се воздржи од делување и да не ги става своите интереси пред интересите на клиентот;
- да воспостави односи на соработка со Комисијата за хартии од вредност и Депозитарот;
- да не го загрозува јавниот углед на Депозитарот или на неговите членови.

(3) Членката од ставот 1 на овој член е особено должна во своето работење да ги применува следните начела и принципи на однесување:

- да обезбедува континуирана едукација на вработените во врска со промените во законската регулатива, актите на Депозитарот и при промени на техниките во работењето на членката;
- да ги организира и да ги контролира своите внатрешни работи на одговорен начин, да води уредна евиденција, да обезбеди сите нејзини вработени да бидат лица со соодветни квалификации и уредно да го надгледува нивното работење во согласност со закон и актите на Депозитарот;

## 2.3 Генерални одредби кои се однесуваат на сите членки на Депозитарот

### Интерни правила за работење и контрола на членката
### Член 6

1) Членката е должна да изработи интерни правила за работење и контрола на своите вработени со кои ќе се обезбеди дека нејзините директори и вработени лица ќе работат согласно прописите од областа на хартиите од вредност и актите на Депозитарот.

2) Членката треба да обезбеди нејзините вработени да бидат соодветно обучени, да ги имаат потребните квалификации и да подлежат на интерна контрола од страна на лицето одговорно за следење и почитување на законите и другите правни прописи, правилата на Депозитарот и актите на членката.

3) Членката е должна внимателно да врши надзор над работењето на своите вработени како и сите други лица ( полномошници, застапници, прокуристи и др.) кои работат во име и за сметка на членката.

### Обврска за плаќање на надоместоци
### Член 7

(1) Членката е должна да плаќа надоместоци и членарини уредени и определени со Тарифникот на Депозитарот.

(2) Одборот на директори на Депозитарот го определува времето и начинот на плаќање на надоместоците и членарините.

(3) Членките мораат да ги почитуваат барањата, инструкциите или упатствата на Депозитарот поврзани со плаќањето на надоместоците и членарините, вклучувајќи го и плаќањето на камата за задоцнето плаќање.

### Посебни одговорности за однесување на директори
### Член 8

Секој директор на членка одговара заедно со членката за секое прекршување, непридржување и непочитување на актите на Депозитарот, направени или предизвикани поради негрижа на директорот.

За банките кои вршат работи со хартии од вредност, директор на посебната организациона единица која ги врши работите со хартии од вредност, одговара заедно со членката за секое прекршување, непридржување и непочитување на актите на Депозитарот, направени или предизвикани поради негрижа на директорот.

**Забрането дејствие**

**Член 9**

Постапувањето на членка на Депозитарот и/или брокер спротивно на одребите од прописите од областа на хартии од вредност и актите на Депозитарот со кои се регулираат нивните обврски, се смета за забрането дејствие.

## 3. КОНТРОЛА НА ДЕПОЗИТАРОТ

**Надлежност на Депозитарот за спроведување надзор и контрола**
**Член 10**

(1) Депозитарот е надлежен да врши надзор и контрола над постапувањето на членката на Депозитарот и/или брокерот во врска со почитувањето на актите на Депозитарот, и во случај на утврдени неправилности или неусогласеност со актите на Депозитарот, да постапува во согласност со своите овластувања, со цел да обезбеди соодветно и правично спроведување на актите на Депозитарот.

(2) Депозитарот е надлежен да врши надзор и контрола над тргувањето со хартии од вредност на членките на Депозитарот-берзански посредници и во случај на утврдени неправилности или непочитување на прописите од областа на хартии од вредност, да постапува во согласност со своите овластувања во согласност со Законот за хартии од вредност и овие Правила, со цел да обезбеди ефикасно и фер тргување со хартии од вредност.

(3) Доколку при надзорот и контролата се утврди дека членка на Депозитарот и/или брокерот не постапува согласно одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член, Депозитарот е овластен да отвори постапка и да презема мерки и изрекува санкции со цел спречување или отстранување на утврдените неправилности и непочитувања на прописите од областа на хартии од вредност.

(4) При утврдување на спор меѓу членките на Депозитарот или членкте на Депозитарот и нивните клиенти за кои се води арбитражна постапка согласно Правилата за арбитража, Депозитарот не презема понатамошни активности.

**Начин на вршење на надзор и контрола од страна на Депозитарот**
**Член 11**

(1) Депозитарот врши надзор и контрола над активностите во врска со работењето со хартии од вредност на нејзините членки-берзански посредници и/или брокерите на следните начини:
- преку посебни контролни станици кои се приклучени на информациониот систем на Депозитарот;
- преку доставување барања до членките за доставување на извештаи и информации до Депозитарот;

- преку проверка на документацијата поврзана со примени полномошна од клиенти и/или склучени трансакции со хартии од вредност на Депозитарот.

(2) Депозитарот врши надзор и контрола над активностите на нејзините членки-друштва за управување со инвестициски фондови на следните начини:

- преку посебни контролни станици кои се приклучени на информациониот систем на Депозитарот;
- преку доставување барања до членките за доставување на извештаи и информации до Депозитарот.

### Должност на членката да соработува
### Член 12

Во случај на доставување на барање на извештаи или информации, членката на Депозитарот/овластениот брокер е должен целосно да соработува, да ја поднесе на увид целокупната барана документација, а посебно:

- да доставува податоци и извештаи до Депозитарот веднаш или во рамките на разумен временски рок што го определува Депозитарот;
- да дозволи разговори што ќе ги води Депозитарот или некој друг во име на Депозитарот со вработените во членките, при што ќе се погрижи тие да бидат достапни за такви разговори и да даваат точни и целосни одговори на сите поставени прашања;
- да дозволи изготвување, проверка и, ако е потребно, копирање од страна на Депозитарот на документи, евиденција и на секаков друг материјал што е во негова сопственост или под негова контрола.

Депозитарот е должен да ги чува како службена тајна податоците добиени согласно член 11 и 12 од овие Правила.

## 4. ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

### Рок за започнување на дисциплинска постапка
### Член 13

Дисциплинска постапка согласно овие Правила не може да започне подоцна од две (2) години од сторувањето на повредата.

### Постапка во случај на повреда која не претставува забрането дејствие согласно актите на Депозитарот, но е спротивна на добрите деловни обичаи и ги доведуваат другите членки во нерамноправна положба
### Член 14

(1) При утврдување на повреда направена од членка на Депозитарот и/или брокер која не претставува забрането дејствие согласно актите на Депозитарот, но е спротивна на добрите деловни обичаи и ги доведуваат другите членки во нерамноправна положба, Извршниот директор на Депозитарот донесува одлука со која се дава насока за отстранување на истата.

(2) Во одлуката на Извршниот директор до членката на Депозитарот и /или брокерот се утврдува рок во кој членката на Депозитарот и/или брокерот треба да постапи по насоката на Извршниот директор. Рокот започнува да тече од денот на конечноста на одлуката, освен во определени случаи кога ќе се утврди со цел за заштите на интересите на инвеститорите, постапувањето по насоките не трпи одлагање. По истекот на определениот рок, членката на Депозитарот и/или брокерот е должен да го извести Извршниот директор за преземените активности за отстранување на повредата или да даде изјава со која се обврзува кон воведување на промена во дотогашната пракса на работењето.

(3) Доколку членката на Депозитарот и/или брокерот не постапи во рокот предвиден во став 2 од овој член, Извршниот директор поднесува Предлог до Одборот на директори за отпочнување на дисциплинска постапка против таа членка на Депозитарот и/или брокер.

(4) Членката на Депозитарот и/или брокерот до кој е упатена одлуката од став 1 на овој член, може да поднесе Приговор на одлуката до Одборот на директори во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

(5) Приговорот од став 4 од овој член претходно го разгледува Дисциплинската комисија која дава мислење по истиот до Одборот на директори.

**Постапка во случај на повреда која претставува забрането дејствие согласно актите на Депозитарот**
**Член 15**

При утврдување на повреда од страна на членка на Депозитарот и/или брокер која претставува забрането дејствие согласно актите на Депозитарот, Извршниот директор поднесува Предлог за отпочнување на дисциплинска постапка до Дисциплинската комисија.

**Започнување на дисциплинска постапка**
**Член 16**

Дисциплинската постапка започнува најдоцна во рок од петнаесет (15) календарски дена од денот на приемот на приговорот од член 14, став 4 или предлогот од член 15 од овие Правила.

**Дисциплинска комисија**
**Член 17**

(1) За спроведување на дисциплинска постапка се формира Дисциплинска комисија.

(2) Дисциплинската комисија е составена од Претседател и 4 членови, кои ги именува Одборот на директори со мандат од две години.

(3) Дисциплинската комисија е составена од:
- еден независен член на Одборот на директори на Депозитарот;
- независен експерт од областа на деловното право или економијата кој не е поврзан со акционер или членка на Депозитарот;
- брокер предложен од страна на Групацијата за работа со хартии од вредност при Стопанската комора на РМ;
- Брокер или лице кои има дозвола за работа со хартии од вредност и кој е член во Одборот на директори на Депозитарот. Доколку ниту еден од членовите на Одборот на директори на Депозитарот не е брокер или лице кои има дозвола за работа со хартии од вредност, изборот се врши од вработените лица во Депозитарот кои имаат дозвола за работа со хартии од вредност.
- Извршниот директор на Депозитарот;

(4) Членовите на Дисциплинската комисија избираат Претседател од своите редови.

(5) За одржување на седниците на Дисциплинската комисија потребно е присуство на Претседателот и најмалку двајца членови. Дисциплинската комисија го донесува своето мислење на седница со мнозинство од гласовите од сите членови.

**Прибирање на факти и документи**
**Член 18**

За утврување на фактичката состојба, Дисциплинската комисија ја има на увид целокупната документација со која располага Депозитарот, а која е во врска со предметот на постапката.

**Повикување на лица**
**Член 19**

(1) За утврдување на фактичката состојба, Дисциплинската комисија испраќа писмена покана со која ги повикува членката на Депозитарот и/или брокерот против кои се води постапка или други лица од значење за постапката на седницата со цел давање на усни информации, во форма на изјави или одговори.

(2) Писмената покана се испраќа најмалку седум (7) календарски дена пред денот на одржување на седницата на Дисциплинската комисија.

(3) Дисциплинската комисија испраќа писмено известување за денот на одржување на седницата на која ќе се врши испитување на лицата од став 1 од овој член и до подносителот на приговорот во рок од најмалку седум (7) календарски дена пред денот на одржување на седницата.

(4) За поведување на дисциплинска постапка против брокер, вработен во организационен дел на банка кој врши работи со хартии од вредност, Дисциплинската комисија го известува Работоводниот орган во банката.

.

**Содржина на писмената покана**
**Член 20**

(1) Писмената покана од член 19 задолжително содржи:
- име и презиме или назив на лицето што се повикува;
- својството во кое се повикува;
- опис на повредата за кој се води дисциплинската постапка;
- ден, час и место каде што се врши испитувањето;
- правна поука за правото на правен застапник во текот на дисциплинската постапка и дека Дисциплинската комисија може да одлучува и без присуство на лицето кое се повикува;
- право на недоаѓање на испитувањето со поднесување на писмена одбрана пред започнување на испитувањето;
- потпис од Претседателот на Дисциплинската комисија;

**Седница на Дисциплинската комисија**
**Член 21**

(1) Претседателот на Дисциплинската комисија на почетокот на седницата ги објаснува причините за покренување на постапката, а потоа на членката на Депозитарот и/или брокерот против кого се води дисциплинската постапка му се дава можност во непречено излагање да се изјасни за сите околности што го товарат и да ги изнесе сите факти што му служат за одбрана

(2) Доколку членката на Депозитарот/брокерот против кого се води дисциплинската постапка или нивниот законски застапник, и покрај уредно доставената покана не присуствуваат на седницата, Дисциплинската комисија одлучува во нивно отсуство односно ја разгледува нивната писмена одбрана, доколку таква била доставена.

**Записник од испитувањето**
**Член 22**

(1) Во текот на испитувањето се води записник од страна на лице вработено во Депозитарот.

(2) Записникот се составува најдоцна во рок од три (3) работни дена од денот на одржаното испитување.

(3) Членката на Депозитарот/брокерот против кого се води постапката односно подносителот на приговорот/предлогот има право да го провери записникот и да предложи дополнувања, измени и бришење заради точност на истиот. Овие предлози се прифаќаат освен ако членовите на Дисциплинската комисија не ги сметаат за несоодветни, и во таков случај истите се евидентираат како неприфатени предлози.

(4) Записникот го потпишуваат членовите на Дисциплинската комисија присутни на седницата, записничарот и претставник на членката или брокерот против која/кој се води постапката.

**Мислење од дисциплинската комисија**
**Член 23**

(1) Врз основа на утврдената фактичка состоја, дисциплинската комисија утврдува мислење во врска со предметот на постапката во рок од 5 работни дена од денот на потпишување на записникот, и истото веднаш му го доставува на Одборот на директори за конечно одлучување.

(2) Мислењето задолжително содржи и предлог мерка/и.

(3) Во прилог на мислењето, на Одборот на директори му се доставува записникот од седницата како и документацијата со која располагала Дисциплинската комисија во текот на постапката.

## 5. ДИСЦИПЛИНСКА ОДЛУКА

**Дисциплинска одлука на Одборот на директори**
**Член 24**

(1) Одборот на директори донесува дисциплинска одлука во врска со предметот на дисциплинската постапка. При тоа, Одборот на директори може да го потврди мислењето на Дисциплинска комисија, да го врати предметот на повторно разгледување заради дополнитено утврдување на факти или да донесе решение спротивно на мислењето на Дисциплинската комисија.

(2) Одборот на директори ја донесува дисциплинската одлука од став 1 во рок од триесет (30) работни дена од денот на приемот на мислењето од Дисциплинската комисија.

(3) Дисциплинската одлука од став 1 од овој член се доставува лично или се праќа по препорачана пошта на членка на Берзта и/или брокерот во рок од осум (8) работни дена од денот на донесувањето на истата.

**Запирање на постапката**
**Член 25**

(1) Одборот на директори донесува дисциплинска одлука со која постапката се запира поради непостоење на факти за утврдување на повреда или донесува дисциплинска одлука со која членката на Депозитарот и/или брокерот се прогласува одговорен за сторување на повредата и му се изрекува дисциплинска мерка.

(2) Одборот на директори донесува дисциплинска одлука со која постапката се запира и ако:

- делото за кое се товари членката на Депозитарот и/или брокерот не претставува повреда на актите на Депозитарот;
- против членката на Депозитарот и/или брокерот веќе била изречена мерка или била запрена постапката за истата повреда;
- истекле роковите на поведување на постапката;
- не се докаже сторувањето на повредата;
- постојат околности поради кое се исклучува одговорноста на членката на Депозитарот/брокерот.

**Член 26**

Ако во текот на постапката членката на Депозитарот/брокерот се товари за сторување на повеќе повреди, во дисциплинската одлука треба точно да се наведе за која од повредите постапката се запира, а за која членката на Депозитарот и/или брокерот се прогласува одговорен и му се изрекува дисциплинска мерка.

## 6. ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ

**Дисциплински мерки кон членка на Депозитарот**
**Член 27**

(1) Во случај на донесување на дисциплинска одлука со која членката на Депозитарот се прогласува одговорен за сторување на повредата, Одборот на директори може да ги изрече следниве дисциплински мерки:
(а) да ја опомене членката на Депозитарот со доставување на дисциплинската одлуката;
(б) да ја опомене членката на Депозитарот во рамките на членството со известување на сите членки на Депозитарот за донесената дисциплинска одлука;
(в) јавно да ја опомене членката на Депозитарот со објавување на дисциплинскта одлука на веб страната на Депозитарот ;
(г) јавно да ја опомене членката на Депозитарот со објавување на дисциплинскта одлука во еден дневен весник;
(д) да изрече привремена или трајна забрана на дел или на сите активности на членката на Депозитарот кои се поврзани со работењето со хартии од вредност, вклучувајќи и суспендирање на пристапот или друг начин на користење на капацитетите на Депозитарот;
(ѓ) да изрече парична казна на членката на Депозитарот во висина од 50.000,00 денари;
(е) да бара членката на Депозитарот да направи измени на своите прописи или статутот.

## Дисциплински мерки кон брокер
## Член 28

(1) Во случај на донесување на дисциплинска одлука со која брокерот се прогласува одговорен за сторување на повредата, Одборот на директори може да ги изрече следниве дисциплински мерки:
(а) да го опомене брокерот со доставување на дисциплинската одлуката;
(б) да го опомене брокерот во рамките на членството со известување на сите членки на Депозитарот за донесената дисциплинска одлука;
(в) јавно да го опомене брокерот со објавување на дисциплинскта одлука на веб страната на Депозитарот ;
(г) јавно да го опомене брокерот со објавување на дисциплинскта одлука во еден дневен весник;
(д) привремено или трајно да го суспендира брокерот од тргување или друг начин на користење на капацитетите на Депозитарот;
(ѓ) да му изрече парична казна на брокерот висина од 10.000,00 денари.

## Право на жалба
## Член 29

(1) Членката на Депозитарот и/или брокерот има право на жалба против дисциплинската одлука донесена од Одборот на директори на Депозитарот до Комисијата за хартии од вредност во рок од петнаесет (15) календарски дена од денот на приемот на истата. Жалбата поднесена по истекот на рокот нема да се земе предвид и дисциплинските мерки содржани во дисциплинската одлука стануваат конечни.

(2) Жалбата од став 1 од овој член, членката на Депозитарот и/или брокерот ја поднесува преку Депозитарот.

(3) Навременото поднесување на жалба го одлага извршувањето на дисциплинските мерки, освен во определени случаи во кои ќе се утврди дека со дисциплинските мерки се штитат интересите на инвеститорите во хартии од вредност. Во дисциплинската одлука донесена од Одборот на директори изречно се наведува дали поднесувањето на жалба против истата го одлага или не го одлага извршувањето на дисциплинските мерки.

## Преодни и завршни одредби
## Член 30

Овие Правила стапуваат во сила со денот на донесувањето, а ќе се применуваат по добивањето на согласност од страна на Комисијата за хартии од вредност.